ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 21 – 1220/12
Датум: 09.07.2024 година
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници (“Службен весник на РМ” број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18 и “Службен весник на РСМ“ 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022), Секретарот на Општина Карпош донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.За извршител за работното место – УПР0101Б04000, Раководител на Одделение за ГИС во Одделението за ГИС, Сектор за поддршка на Градоначалникот, се избира кандидатот **Ива Зафировска**.
2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 14.02.2024 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работно место – Раководител на Одделение за ГИС во Одделение за ГИС, во Секторот за поддршка на Градоначалникот. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр.21-1220/9 од 28.06.2024 година, донесено од страна на Секретарот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр.04-1220/11 од 08.07.2024 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.

Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

Изработил: Б. Спасовска Ивановска
Проверил: Г.Божиновска

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Ивана Ордевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

<u>Доставено до:</u>
- Именуваната,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.